**20230541041**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 23-б став 12 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22) министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОДАЖБА НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ПРОДАЖБА НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗДАДЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ЛИЦЕНЦИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање лиценца за продажба на алкохолни пијалаци, формата и содржината на образецот на лиценцата за продажба на алкохолни пијалаци и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/22), Прилогот 2 се заменува со нов Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 11-1282/2
8 март 2023 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

**ПРИЛОГ 2**

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Врз основа на член 23-б став 1 од Законот за трговија, министерството за економија издава:

# Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ПРОДАЖБА НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ

на

__________________________________________________________

**(назив на трговец на мало кој врши продажба на алкохолни пијалоци)**

__________________________________________________________

**(деловно седиште на трговецот на мало)**

__________________________________________________________

**(адреса на продажниот објект)**

**Лиценцата важи за период од две години.**

**Рег.бр.**

**Овластено службено лице,**

**Бр.**

________________година
**С к о п ј е**

__________________________
**Потпис**

**М.П.**

«Потписници»